Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-123/1
Датум: 21-01-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 648/1 од 1.10.2024 година, поднесена од [redacted] од Штип, со адреса на [redacted] против СОУ „Јане Сандански"-Штип, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
## за отфрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 648/1 од 1.10.2024 година, поднесена од страна на [redacted] против СОУ Јане Сандански во Штип, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 1.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] против СОУ „Јане Сандански" во Штип.

Подносителката на претставката наведува дека во постапката за вработување на наставник по латински јазик во училиштето СОУ Јане Сандански во Штип, се давало предност на партиски членови, а не на потребните квалификации за позицијата. Во таа насока, таа потенцира дека лицето кое било вработено ги немало потребните квалификации за наведеното работно место. Дополнително, подносителката наведува дека постојат многу докази за сторена дискриминација, од записници во СОУ „Јане Сандански", до неиспраќање на известување по е-пошта. Подносителката наведува дека се чувствува дискриминирано три години заради тоа што се вработувале партиски членови и сопруги на членови на совет, без квалификации.

Согласно со **член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, **околностите и фактите врз кои се темели претставката**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.
Согласно со **член 24 став 2 од Законот**, доколку претставката не ги содржи потребните елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Претставката не содржеше јасен опис на фактичката состојба, односно на дејствијата на дискриминација, ниту компаратор, односно лице кое било примено на работното место во училиштето поради неговата припадност кон политичка партија, а дополнително на ова, не беше наведено ниту за кој оглас за вработување станува збор и дали подносителката има аплицирано за истиот.

Од тие причини, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 24.10.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката на претставката, [redacted] на адресата наведена во претставката.

Обидот за поштенска достава на адресата наведена во претставката беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „известен/не побарал".

Врз основа на наведеното Комисијата констатира дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk